**З А П И С Н И К**
**од 65- та седница на Советот на Општина Велес**
**која се одржа на 25.06.2025 година**

Претседателот на Советот Даниел Јаневски, констатираше дека на почетокот на седницата присуствуваат 16 члена на Советот.

Потоа ја отвори 65-та седница на Советот на Општина Велес, која започна во 10:15 часот.

Пред да го прочита предложениот дневен ред, претседателот го стави на расправа записникот од 64-та седница на Советот на Општина Велес. За расправа немаше пријавено никој и се стави на гласање, по гласањето се утврди дека од 16 присутни со 16 гласа „за“ беше усвоен записникот од 64-та седница на СОВ.

Претседателот на Советот ги прочита точките кои се предложени во следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог –решение за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (за лекување);
2. Предлог- решение за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (заелементарна непогода);
3. Предлог-одлука за утврдување на начинот на определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици за релација за која нема обезбедено линиски превоз;
4. Предлог- одлука за неприфаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Велес и Општина Градско (од областа на инспекцискиот надзор),
5. Предлог –правилник за утврдување на начинот за вршење видеонадзор на јавните површини на подрачјето на Општина Велес;
6. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на Општина Велес;
7. Предлог - решение  за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес;
8. Предлог - решение за исправка на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ОСУ „Јовче Тесличков“ - Велес;
9. Предлог –решение за давање согласност на Изменет годишен план за вработување за 2026 година на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес;
10. Предлог –решение за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално –финансиското работење на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес;
11. Извештај –елаборат за проценета штета од природна непогода –измрзнување од ниски температури ноќта помеѓу 07.04.2025 година и 08.04.2025 година на територија на Општина Велес.

Претседателот наведе дека е доставено Известување од страна на Градоначалникот за симнување на точка од Дневен ред за денешната седница со бр.08-3309/3 од 25.06.2025 година за симнување точка од Дневен ред и тоа точка под ред. број 10. Предлог –решение за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално –финансиското работење на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес;

Членот Маргица Урумова предложи за наредна седница, да се стави точка на Дневен ред -Квартален извештај за својата работа на одделението за инспекциски надзор при Општина Велес.

Дневниот ред се стави на гласање. По гласањето се констатираше дека од 18 присутни членови на СОВ со 18 гласа „за“, беше усвоен следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1 .Предлог –решение за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (за лекување);
2. Предлог- решение за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (за елементарна непогода).
3. Предлог-одлука за утврдување на начинот на определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици за релација за која нема обезбедено линиски превоз;
4. Предлог- одлука за неприфаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Велес и Општина Градско (од областа на инспекцискиот надзор),
5. Предлог –правилник за утврдување на начинот за вршење видеонадзор на јавните површини на подрачјето на Општина Велес;
6. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на Општина Велес;
7. Предлог - решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес
8. Предлог - решение за исправка на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ОСУ „Јовче Тесличков“ - Велес;
9. Предлог –решение за давање согласност на Изменет годишен план за вработување за 2025 година на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес;
10. Извештај –елаборат за проценета штета од природна непогода –измрзнување од ниски температури ноќта помеѓу 07.04.2025 година и 08.04.2025 година на територија на Општина Велес.

Се премина кон расправа на точките

**ТОЧКА 1. Предлог –решение за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (за лекување)**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 17 присутни, со 17 гласа „за“ се донесе Решението за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (за лекување) со кое се одобрува износ од 35.000,00 денари.

**ТОЧКА 2.Предлог- решение за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (за елементарна непогода)**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 17 присутни, со 17 гласа „за“ се донесе Решението за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (за елементарна непогода),со кое се одобрува износ од 30.000,00 денари.

**ТОЧКА 3. Предлог- одлука за утврдување на начинот на определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици за релација за која нема обезбедено линиски превоз**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија се јави Нада Јованова.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 17 присутни, со 17 гласа „за“ се донесе Одлуката за утврдување на начинот на определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици за релација за која нема обезбедено линиски превоз.

**ТОЧКА 4. Предлог-одлука за неприфаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Велес и Општина Градско (од областа на инспекцискиот надзор)**

Коста Нојков, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анита Пивкова беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 16 присутни, со 14 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за неприфаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Велес и Општина Градско (од областа на инспекцискиот надзор).

**ТОЧКА 5. Предлог -правилник за утврдување на начинот за вршење видеонадзор на јавните површини на подрачјето на Општина Велес**

Коста Нојков, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анита Пивкова беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 19 глас „за“ се донесе Правилникот за утврдување на начинот за вршење видеонадзор на јавните површини на подрачјето на Општина Велес.

**ТОЧКА 6. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на Општина Велес**

Коста Нојков, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Марија Чатмова беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 14 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Решението за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на Општина Велес.

**ТОЧКА 7. Предлог –решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на Локална библиотека „Гоце Делчев“ Велес**

Коста Нојков, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на Локална библиотека „Гоце Делчев“ Велес, Снежана Бошевска беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 19 гласа „за“ се донесе Решението за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на Локална библиотека „Гоце Делчев“ Велес.

**ТОЧКА 8. Предлог–решение за исправка на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес**

Коста Нојков, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 18 гласа „за“ (членот Нада Јованова се иззема од гласање) се донесе Решението за исправка на Решение за давање за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ОСУ „Јовче Тесличков“ –Велес.

**ТОЧКА 9. Предлог–решение за давање согласност на Изменет годишен план за вработување за 2025 година на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес**

Коста Нојков, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес, Славица Ставрева, беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 19 гласа „за“ се донесе Решението за давање согласност на Изменет годишен план за вработување за 2025 година на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес.

**ТОЧКА 10. Извештај –елаборат за проценета штета од природна непогода – измрзнување од ниски температури ноќта помеѓу 07.04.2025 година и 08.04.2025 година на територијата на Општина Велес**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Трајче Миланов, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на членот на Комисијата за проценка на штети од елементарна непогоди, Тања Арсевска, беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се усвои Извештајот –елаборат за проценета штета од природна непогода – измрзнување од ниски температури ноќта помеќу 07.04.2025 година и 08.04.2025 година на територијата на Општина Велес

Седницата беше закажана за во 10:00 часот, започна со работа во 10:15, а заврши во 10:55 часот.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 25-
2025 година
Велес